З А П И С Н И К

Од 28-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 28-та редовна седница на ден 29.11.2019 година (Петок) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова, Сања Христова и Марјан Трајков.

На седницата присуствуваа Марјан Јанев градоначалник на општина Василево,Верче Миткова, Бранко Андонов Горан, Андонов и Славе Андонов и Габриела К. Ефтимова, Митко Јанев претставници од општинската аддминистрација.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 28-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 27-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 25.10.2019 година, немаше забелешќи од страна на советниците,беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 27-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Предлог -Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Василево за 2019 година.

2.Предлог-Решение за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-Годишна програма за работа на Советот на општина Василево за 2020 година**.**

3.Предлог -Одлука за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Василево.

4.Предлог -Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-помошен објект на К.П.бр.2/1 во КО ДОброшинци вон гр. .

5.Предлог -Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на К.П.бр. 1529 во КО Ангелци .

6.Предлог -Одлука за доставување на предлог на проекти за изработка на техничка документација ,, Градење општински капацитети за имплементација на проекти " .

7.Предлог -Одлука за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за основното образование за 2020 година.

8.Предлог-Програма за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2020 година.

9.Предлог-Програма за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2020 година .

10.Предлог-Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2020 година .

11.Предлог-Програма за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2020 година.

12.Предлог-Програма за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2020 година.

13. Предлог-Програма за заедничка потрошувачка во општина Василево за 2020 година.

14.Предлог-Програма за поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици по населените места во општина Василево во 2020 година.

15.Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2019/2020 година во зимски услови.

16.Предлог-Програма за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2020 година.

17.Предлог-Програма за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2020 година.

18.Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година.

19.Предлог-Програма за активностите на општина Василево во областа на социјалната заштита во 2020 година.

20.Предлог-Програма за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2020 година.

21.Предлог-Програма за начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Василево за 2020 година.

22.Предлог-Програма за уредување простор на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2020 година.

23.**Предлог-Програма** за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2020 година.

24.**Предлог-Програма** за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2020 година.

25.**Предлог-Програма** за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2020 година.

26. .**Предлог-Програма** за уредување на градежно земјиште во индустриската зона на општина Василево за 2020 година.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 28-та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред, како 27 точка од дневниот ред да биде: Предлог – Одлука за определување на висината на месечниот надоместок на советниците за присуство на седница на Совет на општина Василево.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев како 27 точка од дневниот ред да биде: Предлог – Одлука за определување на висината на месечниот надоместок на советниците за присуство на седница на Совет на општина Василево, беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Дневниот ред за работа на 28-та седница на, со усвоениот предлог на Крсте Панев како 27 точка од дневниот ред да биде: Предлог – Одлука за определување на висината на месечниот надоместок на советниците за присуство на седница на Совет на општина Василево.беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: **Предлог - Одлука** за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Василево за 2019 година, за збор се јави Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека

комисијата на седницата го разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 2 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор првата точка од дневниот ред: **Предлог -Одлука** за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Василево за 2019 година,.беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа ,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,,4.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред**:Предлог-Решение** за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-Годишна програма за работа на Советот на општина Василево за 2020 година**,** за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Мандатни прашања избор и именување рече дека Комисијата на седницата од 4 присутни члена го усвои предлогот со 3 гласа ,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, ,, 1 да бидат избрани: Блаже Коцев за претседател и за членови на Комисијата бидат избрани:Христина Гошева, Сања Стојанова, Марјан Трајков и Тони Малчев

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред: **Предлог-Решение** за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-Годишна програма за работа на Советот на општина Василево за 2020 година**,** со усвоениот предлог од комисијата да бидат избрани членовите: Блаже Коцев за претседател и за членови на Комисијата бидат избрани:Христина Гошева,Сања Стојанова, Марјанчо Трајков и Тони Малчев, беше ставен на гласење од вкупно присутни -12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа ,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, ,, 4.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред, **Предлог -Одлука** за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Василево, за збор сејави Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата од 3 присутни члена ја усвои со 2 гласа ,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, ,, 1.

Немаше друг пријавено за збор третата точка: **Предлог -Одлука** за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Василево;беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: **Предлог -Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-помошен објект на К.П.бр.2/1 во КО ДОброшинци вон гр, за за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена комисијата ја усвои со 2 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка: **Предлог -Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-помошен објект на К.П.бр.2/1 во КО ДОброшинци вон гр,беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 3.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред, **Предлог -Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на К.П.бр. 1529 во КО Ангелци, за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена комисијата ја усвои со 2 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор петата точка: **Предлог -Одлука Предлог -Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на К.П.бр. 1529 во КО Ангелци,беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред**:Предлог -Одлука** за доставување на предлог на проекти за изработка на техничка документација ,, Градење општински капацитети за имплементација на проекти " за збор сејави Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата од 3 присутни члена ја усвои со 2 гласа ,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, ,, 1.

Немаше друг пријавено за збор шестата точка: **Предлог - Одлука** за доставување на предлог на проекти за изработка на техничка документација ,, Градење општински капацитети за имплементација на проекти " беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4.

7.

По отворената расправа по седмата точка: **Предлог -Одлука** за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за основното образование за 2020 година, за збор сејави Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата од 3 присутни члена ја усвои со 2 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ „ 1.

Немаше друг пријавено за збор седмата точка: **Предлог -Одлука** за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за основното образование за 2020 година, беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред**:Предлог-Програма** за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2020 година. за збор се јави Неџат Меминов претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Немаше друг пријавено за збор осмата точка: **Предлог-Програма** за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2020 година, беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема .

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред**: Предлог-Програма** за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2020 година за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена комисијата ја усвои со 2 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 2.

Немаше друг пријавено за збор деветата точка од дневниот ред: **Предлог-Програма** за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2020 година,беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4

10.

По отворената расправа по 10 –та точка од дневниот ред **Предлог-Програма** за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2020 година збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор десетата точка од дневниот ред: ред **Предлог-Програма** за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2020 година,беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

11.

По отворената расправа по 11 –та точка од дневниот **: Предлог-Програма** за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2020 година, за збор се јави Неџат Меминов претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево предложи измена во Програмата под колона 5 на местото каде што пишува Курбан Бајрам турнир во фудбал во Василево да се направи измена и да стои: Рамазан Бајрам турнир во фудбал во Василев.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев да се направи измена во програмата под колона 5 на местото каде што пишува Курбан Бајрам турнир во фудбал во Василево да се направи измена и да стои: Рамазан Бајрам турнир во фудбал во Василев. беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, 3

Единасетата точка.од дневниот ред: **Предлог-Програма** за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2020 година, со усвоениот предлог на крсте Панев да се направи измена во програмата под колона 5 на местото каде што пишува Курбан Бајрам турнир во фудбал во Василево да се направи измена и да стои: Рамазан Бајрам турнир во фудбал во Василев. беше ставен 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4

12.

По отворената расправа по 12 –та точка од дневниот ред **:Предлог-Програма** за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2020 година , за збор сејави Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата од 3 присутни члена ја усвои со 2 гласа ,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, ,, 1.

Немаше друг пријавено за збор дванаесетата точка од дневниот ред: **Предлог-Програма** за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2020 година , беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4.

13.

По отворената расправа по 13 –та точка од дневниот ред: **Предлог-Програма** за заедничка потрошувачка во општина Василево за 2020 година. збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 2 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор тринаесетата точка од дневниот ред :**Предлог-Програма** за заедничка потрошувачка во општина Василево за 2020 година.,беше ставена на гласење, од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4.

14.

По отворената расправа по 14 –та точка од дневниот ред**: Предлог-Програма** за поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици по населените места во општина Василево во 2020 година за збор се јави Христина Гошева претседател на комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и против пожарна заштита рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа ,, за,, ,, против и ,, воздржани,, нема.

За збор се јави Наце Коцев член на Советот на општина Василево праша дали ке се постави знак на Влезот од Добрејци да се одбележи дека постои и село Пиперево.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево во врска на поставеното прашање од советникот Наце Коцев рече дека два знака се во фаза на изработка. Едниот знак ке биде поставен на регионалниот пат Струмица Добрејци ќе биде поставен знакот Струмица-, Добрејци и Пиперево

А другиот знак ќе биде поставен на клучката за влез во Василево.

Ракип Асанов член на Советот на општина Василево праша околу Мостот на регионалниот Струмица –Радовиш пат што води за Добрашинци и Нова Маала на таблата не е одбележано за Висока Малаа доколку се одбележи на таблата и Висока Маала рече дека граганите од оваа населено место ќе бидат благодарни.

Бранко Андонов претставник од општинската аддминистрација даде образложение рече дека се работи за магистрален пат А4 поставувањето на тој знак е под надлежност на Маќедонија пат. Општина Василево како Општина ќе се интервенира покрај Нова Маала и Добрашинци да се додаде и Висока Маала.

По завршената расправа 14- та точка од дневниот ред: **Предлог-Програма** за поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици по населените места во општина Василево во 2020 година.,беше ставена на гласење, од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

15.

По отворената расправа по 15 –та точка од дневниот ред: **Предлог-Програма** за одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2019/2020 година во зимски услови за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 4гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор петнасетата точка од дневниот ред : **Програма** за одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2019/2020 година во зимски услови,беше ставена на гласење, од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

16.

По отворената расправа по 16 –та точка од дневниот ред**:Предлог-Програма** за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2020 година.за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 4гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За збор се јави се јави Ракип Асанов член на Советот на општина Василево побара образложение околу моменталната состојба за уличното осветлување во село Висока Маала рече дека проблемите од предходната година се повторуват беше обеќано дека ќе се реши овој проблем но се уште е нерешен. Моментално во Висока Маала има 85 домаќинства а 20 светилки а по евиденција се запишани 36 светилки, според него не е точно дека има толкав број на светилки лично тој ги има изброено има 20 светилки а за тоа што не светат е друга работа ќе бидат поставени нови светилки.

Бранко Андонов претставник од општинската аддминистрација рече дека во Висока Малаа по евиденција моментално се 34 арматури со новото проширување од оваа година. Од месец Февруари до Април ќе се врши замена на целокупната арматура што ја има во општина Василево. Советниците се запознаени дека во моментот има оглас за пријавување на Еско компании преку моделот на јавно приватно партнерство, секој ден во општината се добиват прашања се одговора на тие прашања и во текот на Деќември завршува огласот. Во Јануари започнува постапката за тендерирање фирмите што ке се пласират во првата фаза ќе имат право да учествуват на јавното надавање за земање на тој проект. Со тоа колку арматури има во Висока Малаа толку светилки ќе

бидат заменети. Доколку се 20 тогаш ќе има точна евиденција ќе бидат применети во програмата општината ќе даде 34 ако се заменат 20 другите ќе бидат вратени назад, тогаш ќе се знае дека во Висока Маала има 20 светилки. Наредната година ќе се знае точниот број на светилки и во зависност на бројот на жители колку ќе треба да се прошири уличното осветлување скоро на секое 2,5 домакинство има по едно сијалично место претерано добра состојба. Смета дека проширувањето треба да се намали со реализацијата на проектот кој е во тек ке се види дека нема потреба од проширување бидејќи новите светилки ќе бидат поставени светат ногу подобро од сегашните.

По затворената расправа шеснасетата точка од дневниот ред: **Предлог-Програма** за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2020 година,беше ставена на гласење, од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, нема ,, воздржани,, 1.

17

По отворената расправа по 17 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2020 година за збор се јави Христина Гошева претседател на комисијата за Христина Гошева претседател на комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и против пожарна заштита рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа ,, за,, ,, против и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор седамнаесетата точка од дневниот ред : **Предлог-Програма** за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2020 година.,беше ставена на гласење, од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4.

18.

По отворената расправа по 18 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година. за збор се јави Нејат Меминов претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор 18 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 3

19.

По отворената расправа по 19 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за активностите на општина Василево во областа на социјалната заштита во 2020 година, за збор се јави Неџат Меминов претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор 19 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за активностите на општина Василево во областа на социјалната заштита во 2020 година беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4

20.

По отворената расправа по 20 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2020 година. за збор се јави Неџат Меминов претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор 20 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2020 година.беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4

21.

По отворената расправа по 21 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Василево за 2020 година. .за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 2 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор 21 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Василево за 2020 година. беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4

22.

По отворената расправа по 22 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за уредување простор на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2020 година, за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита

на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 2 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор 22 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за уредување простор на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2020 година.. беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4

23.

По отворената расправа по 23 –та точка од дневнио ред: .**Предлог-Програма** за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2020 година, за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 2 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор 23 –та точка од дневнио ред.**Предлог-Програма** за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2020 година, беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4

24.

По отворената расправа по 24 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2020 година, за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 2 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 2.

Немаше друг пријавено за збор 24 –та точка од дневнио ред **Предлог-Програма** за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2020 година, беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4

25.

По отворената расправа по 25 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2020 година , за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 4гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор 25 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2020 година, беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, нема.

26.

По отворената расправа по 26 –та точка од дневнио ред: **Предлог-Програма** за уредување на градежно земјиште во индустриската зона на општина Василево за 2020 година. за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина, рече дека комисијата на седницата ја разгледа, од присутни 4 члена гласаше 2 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 2.

Немаше друг пријавено за збор 26 –та точка од дневнио ред **Предлог-Програма** за уредување на градежно земјиште во индустриската зона на општина Василево за 2020 година. беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 4.

27.

По отворената расправа по 27 –та точка од дневнио ред: Предлог – Одлука за определување на висината на месечниот надоместок на советниците за присуство на седница на Совет на општина Василево. за збор се јави Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево предлага:

Член 1.

Месечниот надоместок на советниците за советниците за присуство на седница на Совет на општина Василево изнесува 50% од просечната исплатената плата во Републиката за изминатата година .

Член 2

На претседателот на Советот на општина Василево, за раководењето и организирањето на работа на Советот, надоместокот од член 1 од оваа Одлука се зголеми 30%

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануват да важат Одлука за определување на висината на месечниот надоместок за седници на членовите на Совет бр.07-3430/1 од 21.12.2009 година и Одлуката за изменување на Одлуката за определување на висината на месечниот надоместок за седници на членовите на Советот бр. 07-1442/1 од 2. 05.2010 година.

Член 4

Оваа Одлука се применува од 01.01.2020 година.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев:

Член 1.

Месечниот надоместок на советниците за советниците за присуство на седница на Совет на општина Василево изнесува 50% од просечната исплатената плата во Републиката за изминатата година .

Член 2

На претседателот на Советот на општина Василево, за раководењето и организирањето на работа на Советот, надоместокот од член 1 од оваа Одлука се зголеми 30%

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануват да важат Одлука за определување на висината на месечниот надоместок за седници на членовите на Совет бр.07-3430/1 од 21.12.2009 година и Одлуката за изменување на Одлуката за определување на висината на месечниот надоместок за седници на членовите на Советот бр. 07-1442/1 од 2. 05.2010 година.

Член 4

Оваа Одлука се применува од 01.01.2020 година.

. беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

27 –та точка на дневниот ред со усвое Предлог – Одлука за определување на висината на месечниот надоместок на советниците за присуство на седница на Совет на општина Василево со усвоениот предлог на Крсте Панев да се зголеми месечниот надоместок и истиот да изнесува 50% од просечно исплатената плата во државата, одлука да почне да се применува од 01.01.2020 година, беше ставена на гласење , од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 28- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател

Крсте Панев